СМЕЕЊЕ И СОЛЗИ НА "ЗЛАТНА БУБАМАРА"

# Овации за Величествениот - Сашко Коцев


Ништо немаше да биде толку оригинално без Игор Џамбазов.- Коцев направи 15 склека по наредба на Игор

Како во приказната на Аладин и Јасмин, Сашко Коцев на романтичен начин ја побара за жена својата девојка Смиљана, завчера, среде "Златна бубамара на популарноста", во Универзална сала. Во тој момент се случија најсилните, но не и единствени овации за домаќинот, гостите и за тимот на манифестацијата. Петнасеттата "Бубамара" беше една од најбомбастичните и најдобри досега. Лоша беше единствено за размачканата шминка на гостинките во публиката, по тричасовното смеење. Брилијантниот Сашко претскажа дека дигиталната техника до толку ќе завладее, што ќе готвиме и ќе правиме скара за први мај преку ајпод апликација. "И за верските празници ќе аплицираме по телефон. Го добивте бројот на верските заедници. За православна вероисповед, притиснете еден. Во моментов сите попови се зафатени. Трпение, спасение", зборуваше Коцев. Понатаму раскажа дека со новиот изглед на Владата, иде барокно време. Облечен како Фигаро, објасни како ќе се гласа во Собранието, пеејќи оперски арии. Од главната ложа, не престана да се смее министерот за транспорт и врски Миле Јанакиевски.

Ранко Петровиќ, идејниот творец на манифестацијата, одржа поздравен говор: "Во стилот на речникот на Владата, ние сме лидери во регионот". Добар дел беше посветен и на ликовите од турските серии, а, според аплаузите, Сашко за публиката стана Величествениот. На сцената продефилираа легендата Зоран Георгиев со "Еден бакнеж", сексапилната Викторија Лоба, идолите Иван Раденов и Јана Бурчевска, "Суперхикс". Во дуетот на легендата Кики Лесандриќ од "Пилоти" и Влатко Лозаноски се виде дека никој не заборавил "Заборавени" (Заборављени). Освежување беа Босанците "Дубиоза колектив" и Србите "С.АР.С". Лоба и Александар Митевски на народните херои, македонските кошаркари и ракометари, им ја испеаја навивачката химна. Со своја верзија на "Скопје", "Танец" го пречека Влатко Стефановски, а емотивен и богат настап имаше и "Нокаут". Ништо немаше да биде толку оригинално без Игор Џамбазов, Кирил Поп-Христов и Каролина за крај.

Снимката од манифестацијата ќе се емитувана вечерва, на "Канал 5", во 20.30 ч.

***М. Џаровска***
***Фото: Б. Грданоски***

# Провока
# ф



Викторија Лоба



Каролина



Јана Бурчевска

## Награди

**Животно дело:** Зоран Георгиев, Глигор Чемерски, Иво Лауренчиќ
**Трајни музички вредности:** Влатко Стефановски
**Народни херои:** Македонските кошаркари и ракомета
**Музички проект на годината:** "Македонското срце чук седум осмини" на Гаро Тавитјан и браќата Тавитјан
**Пејачка на годината:** Каролина
**Албум на годината:** "Капка под небото" - Каролина
**Хит на годината:** "Африка" - "Суперхикс"
**Група на годината:** "Суперхикс"
**Концерт на годината:** "Нокаут"
**Откритие на годината:** Иван Раденов и Јана Бурчевска
**Најдобар рок-бенд на Балканот:** "С.А.Р.С", "Дубиоза кол
**Најчитана страница:** "Сакам да кажам" на Горан Михајло
**Актер на годината:** Гораст Цветковски
**Актерка :** Билјана Беличанец
**Театарска претстава:** "Свадбата на Фигаро"
**Опера:** "Војвотката на чардашот"
**ТВ-проект:** "Пулс" на Ана Јовковска- Алфа ТВ
**ТВ-емисии:** "Тротоар"- МТВ и "Зевзекманија" - Канал 5



← *"Танец" го пречека Влатко Стефановски со своја верзија на "Скопје"*

*Зоран Георгиев го и "Еден бакнеж"*

## ативни
## фустани

Каролина Го-
ева, Викторија
оба и Јана Бур-
евска имаа нај-
печатливи кре-
ции на "Златна
убамара". Вик-
орија Лоба го
збрала прово-
ативниот фус-
ан во консулта-
ија со Елена
ука, од нејзина-
а колекција, а
аролина, која
е пресоблече
ва пати, ѝ е вер-
а на старата со-
аботничка, сти-
истката Цаци
аковска. Јана
урчевска вели
ека избрала
устан од ате-
ето "Љутико-
а" и внимавала
ризурата, која
 направил Вој-
ан Андревски,
а одговара со
его. Ѝ помог-
ал младиот сти-
ист Алмир, сту-
ент на ФОН, во
ласата на Нош-
ал.

*(М.Ц.)*

*Фото: Б. Грданоски*



*"Оваа 'Бубамара' не ми е прва, а ѝ се радувам како да ми е прва, затоа што ми дава надеж дека тоа што сакам да го кажам секоја сабота во "Вест", вие и по дваесет години сакате да го читате", изјави завчера Горан Михајловски кога ја прими наградата, петта по ред*



*Дуетот на легендата Кики Лесандриќ од "Пилоти" и Влатко Лозаноски*



ари
ка во

ектив"
вски

*спеа евергринот*

